**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Уп1 Бр.** 08-387

26.08 **2019 година**

**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Одлуката Уп1 бр.08-387 од 21.08.2019 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година и Заклучокот бр.02-3989/3 од 23.08.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 31-та седница одржана на 23.08.2019 година, донесе:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за телевизиско или за радио емитување престанува да важи по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 30-та седница одржана на 19.08.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-3945/2 од 19.08.2019 година, донесе Одлука Уп1 бр.08-387 од 21.08.2019 година со која ја одзеде дозволата на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неплатен годишен надоместок за дозвола за телевизиско емитување во законски утврдениот рок.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски

услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Одлуката Уп1 бр.08-387 од 21.08.2019 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година и Заклучокот бр.02-3989/3 од 23.08.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 31-та седница одржана на 23.08.2019 година, донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

______________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1; и
- Агенцијата за електронски комуникации.